# Успешен концерт на Калиопи во Ниш

Калиопи, Един Карамазов и Стефан Миленковиќ одржаа заеднички концерт на Летната сцена во Тврдината во Ниш, пред 2.500 публика. Интернет порталот од Ниш волимрадио.рс со најпозитивни критики го опишува концертот на нашата поп-дива, српскиот виолинист и хрватскиот лаутист.



*Калиопи, Един Карамазов и Стефан Миленковиќ одржаа заеднички концерт на Летната сцена во Тврдината во Ниш*

Присутните, особено се воодушевиле од изведбата на хитот "Бато" на Калиопи. Таа на 7 октомври ќе биде дел од гала-концертот "Четири аса, дама и џокер", во Универзалната сала, заедно со Горан Бреговиќ, Мики Јевремовиќ, Влатко Илиевски и Џеј Рамадановски.

**(М.Џ.)**

НА ШОУТО "ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"

# Македонските кошаркари со награда за народни херои



Македонските кошаркарски репрезентативци ќе бидат прогласени за народни херои на манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", следната година. Првиот човек на шоуто и на радио "Бубамара" Ранко Петровиќ вели дека по Горан Пандев, кој беше прогласен за народен херој минатата година, овој пат титулата треба да им припаде на кошаркарите. "Веруваме дека на оваа златна генерација на кошаркари, со Златната бубамара ќе им се позлатат уште многу сезони", велат од радио "Бубамара".

Пред четири години, Тамара и Тони Зен му посветија песна на Горан Пандев, во која му посакаа да ја освои "Скудето" лигата. Меѓу народот тогаш се рашири муабет дека благословот во песната бил толку голем што Пандев освои пет титули.

Од радио "Бубамара" велат дека песната "Едно име имаме" од Јонче Христовски, која ја преработија Калиопи и Гарабет Тавитјан, стана химна на македонските кошаркари. "Со песната која Калиопи и Гаро прв пат ја изведоа на ´Златна бубамара´ преклани, им го даваме нашиот благослов на кошаркарите", вели Ранко Петровиќ.

**(М.Џ.)**



# Влатко Илиевски со нова песна "Ти и јас"

Поп-пејачот и актер Влатко Илиевски деновиве е актуелен со песната "Ти и јас". Музиката и текстот се на Весна Малинова, а аранжманот го направи Владимир Дојчиновски-Дојчин.

"Оваа е една од моите омилени песни и е од албумот ´Најбогат на свет´. Песната не е баш нова, но решив сега да ја промовирам затоа што на јавноста не ѝ е толку позната. Еве веќе неколку дена се врти по радијата и добив навистина позитивни критики", вели Влатко.

Влатко изминатиов период постојано е на настапи по клубовите и дискотеките низ градовите во земјава.

**(А.Г.)**